ПРОЕКТ РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА ЗА ПОДОБРЕНА СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО

# Барање за ангажирање на надворешен консултант

***Проценка на работна способност кај лица со попреченост согласно интернационални стандардизирани инструменти- Модернизација на услугата за рехабилитација и реинтеграција кај лица со попреченост***

## I. Кратко Резиме за проектната активност

Проектот „Регионална соработка за подобрена социјална инклузија на локално ниво“ е насочен кон зајакнување на институционалните капацитети и знаења на единиците на локална самоуправа и други релевантни засегнати страни на локално ниво во економиите од Западен Балкан кои се дел од регионалниот проект, преку: а) идентификацијата на потребите на ранливите групи, б) развојот на локални политики засновани на докази во областа на социјалната заштита и в) **обезбедување пристап до локални услуги преку иновативни социјални пристапи**. Воедно, проектот е насочен кон зајакнување на капацитетите на Мрежата на здруженија на локални власти во Југоисточна Европа за да ја постави темата за социјална инклузија повисоко на агендата на мрежата и нејзините здруженија членки. Едни од специфичните цели се **зајакнување на капацитетите на локалните самоуправи неопходни за подобрување на условите за живот на ранливите групи (следејќи го принципот *„Да Не Оставиме никого во позадина„*)преку донесување одлуки засновани на докази и социјални пристапи** и **подобрување на социјалните услуги на општинско ниво во однос на нивната реакција на миграцијата и родово чувствителните потреби на ранливите групи.**

Согласно поставените цели, избрани се 13 локални самоуправи/корисници (пилоти) од Западен Балкан, во кои ќе се работи на воспоставување на иновативни социјални пристапи или зајакнување на Постоечките се со цел да одговорат подобро на потребите на ранливите групи на локално ниво, преку спроведување на едукација за јакнење на знаењата и капацитетите, идентификација на потреби и приоритети преку спроведување на социјално мапирање, донесување одлуки и спроведување на иновативни социјални и услуги на грижа во заедницата. Во Република Северна Македонија, одбрани се 2 пилот општини: Куманово и Делчево во кои ќе се работи на воспоставување на иновативни рехабилитациски под услуги, интегрирано поврзување на социјалните со образовни услуги, социјални и услуги на вработување и едукативни со услуги на вработување за најранливите и стигматизирани групи-лицата со попреченост. Спроведувањето на овие пилот активности во двете општини се координирани и управувани од страна на ЗЕЛС - Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија. ЗЕЛС ќе им понуди два формати на обука: обука лице в лице и метод на кластер за учење, на локалните самоуправи корисници за соодветна примена на услуги засновани на заедницата (услуги на грижа во заедницата (услуга на дневен престој и услуга на мобилна и теренска работа).

Проектот „Регионална соработка за подобрена социјална инклузија на локално ниво“ го спроведува НАЛАС во соработка со ГИЗ во име на Федералното Министерство за економска соработка и развој (БМЗ).

## II. Цели и задачи од консултантскиот ангажман

Целта на задачата е поддршка во воведување на **иновативна рехабилитациска услуга**-проценка на ОПШТА и КОНКРЕТНА работна способност кај лицата со попреченост согласно интернационални стандардизирани инструменти за проценка на работна способност во рамките на два лиценцирани даватели на социјални услуги во Република Северна Македонија: **Регионален Центар за лица со интелектуална попреченост -Порака Наша Куманово и Хуманитарното Здружение за помош и поддршка на лицата со посебни потреби „Бравура Кооператива“, Делчево.** Специфични цели од оваа задача се поврзани со а) процесот на обезбедување на пристап за користење на стандардизирани инструменти за проценка на работна способност од страна на Одделот за Окупациона Терапија при Универзитетот Илиноис Чикаго (пристап до прирачник, формулари за проценка); б) превод на истите на македонски јазик в) развој на едукативна програма согласно која стручните лица во овие два даватели на услуги ќе ги зајакнат своите знаења и вештини г) спроведување/пилотирање на проценка на работна способност со менторска поддршка од страна на надворешниот консултант. Во Анекс 1-**детален концепт за воспоставување на иновативни рехабилитациски услуги во двата даватели на услуги.**

## III. Иновативна Рехабилитациска Услуга-Проценка на работна способност

Двата даватели на услугата рехабилитација и реинтеграција на лица со попреченост, од неодамна се стекнаа со лиценца за испорака на оваа услуга. Во изминатите две години, истата ја испорачуваа согласно Постоечките практики, научени лекции и меѓународни искуства. Министерството за труд и социјална политика го започна процесот на воведување на МКФ како и воспоставување на национална Методологија за проценка на лицата со попреченост. Согласно овие реформи, се наметнува потребата давателите на социјалните услуги особено лиценцираните даватели на социјални услуги да испорачуваат сеопфатни и интегрирани услуги преку користење на проверени и стандардизирани инструменти. Токму поради оваа потреба и реформа се увиде потребата кај двата даватели на социјални услуги да се обезбеди техничка и финансиска поддршка за воведување и употреба на **стандардизирани и унифицирани инструменти за проценка на работната способност преку**:

III.1. Обезбедување на д**озвола за користење на унифицирани, стандардизирани и верифицирани инструменти за проценка на општа и конкретна способност кај лицата со попреченост.** Согласно националната Методологија за проценка на лица со попреченост, општата работна способност треба да се оценува со користење на Индекс на Работна Способност, додека Проценката на конкретна работна способност треба да се прави со употреба на верифицирани инструменти Проценка при извршување на работна способност-. Овие два инструмента се наведени како инструменти кои давателот на услугата односно центарот за професионална рехабилитација треба да ги користи при утврдување на работната способност. Првиот инструмент е отворен и истиот може слободно да се симне и користи од страна на сите заинтересирани страни, додека вториот препорачан инструмент е од затворен карактер односно за негова употреба неопходно е обезбедување/купување на дозвола и лиценцирање на професионалците истиот да го користат. Овој инструмент всушност опфаќа сет од 14 обрасци и упатства за користење на истите. 14те обрасци вршат мерење/проценка на работната способност во повеќе домени/аспекти. Од тука, првата активност од оваа мерка е насочена кон **обезбедување пристап за користење на овој инструмент, негов превод на македонски јазик и можни прилагодување на локален контекст**.

III.2. **Подготовка на едукативна програма- тренинг програма**, преку која стручните лица од 2та даватели на социјални услуги ќе се запознаат со инструментите и начинот на нивно користење. **Програмата треба да се состои од 2 дела: теоретски дел (8 часовна едукација) и практичен дел (40 часа практична примена на обрасците/користење на истите со по 12 корисници по давател на социјална услуга).** Практичниот дел треба да биде поддржан со менторска поддршка од страна на надворешниот консултант.

III.3. По завршување на практичната примена на инструментите/тестови за проценка на работна способност, стручните лица во 2та даватели на услуги ќе направат ревидирање на **12 те индивидуалните планови и програми за работа со корисниците**. Ревидирањето подразбира **нивно надградување со конкретни активности/вежби и едукација преку кои ќе се зајакнат, развијат, надградат или пак задржат одредени работни способности кај овие 12 лица.**

**III.4** Спроведување на активности/сервисни активности согласно ревидираните индивидуални планови за работа со корисниците.

**Напомена:** процесот на ре-проценка на работни способности со цел да се увидат промени кај лицата со попреченост треба да следи односно да се направи по шест месечно спроведување на програмски активности. Што значи дека првото мерење, ќе се направи по завршување на оваа проектна мерка.

**III.5 Поврзување на услугата рехабилитација со интегрирани услуги во заедницата**-согласно ревидираните индивидуални планови за работа со корисниците и поставени цели во нив, давателите на услуги ќе треба да пристапат кон поврзување на оваа услуга со други услуги/сервиси на локално ниво, како на пример: образование, здравствена заштита, вработување, стручна подготовка и слично.

## IV. Одговорности и задачи на Надворешниот Консултант

Надворешниот консултант за воведување на иновативна рехабилитациска услуга-проценка на работна способност, во координација со двата даватели на услуги, Ресурсното Лице на Кластерот за Услуги на Грижа во Заедницата, ЗЕЛС Проектниот Координатор,НАЛАС Проектен координатор и ГИЗ советник, е одговорен за спроведување на следните активности:

- Го следи процесот на обезбедување пристап за користење на стандардизираните инструменти за проценка на работна способност
- Комуницира со стручните лица од страна на Одделот за Окупациона Терапија, доколку има недоразбирање или е потребна дополнително појаснување на дел од обрасците и/или прирачникот.
- Обезбеди превод на инструментите и прирачникот од англиски на македонски јазик.
- Развие Образовна Програма (теоретска и практична) согласно преведените материјали на македонски јазик и нацрт националната Методологија за проценка на работна способност
- Спроведе едно-дневна едукација (8 часа) за стручните лица во 2та даватели на услуги
- Изготви извештај од спроведена едукација
- Обезбеди менторска поддршка (80 часа: 40 часа по давател на услуга) согласно изготвен план за спроведување на менторска поддршка.
- Изготви извештаи од спроведена менторска поддршка и насоки за ревидирање на индивидуални планови.

Во табелата подолу е даден детален приказ на работни задачи и производи кои треба надворешниот консултант да ги испорача

| Бр. | Активност | Задача | Резултат/Продукт | Број на работни денови |
|---|---|---|---|---|
| Воведување на иновативна рехабилитациска услуга- проценка на работна способност | | | | |
| | **Запознавање со прирачник и обрасци-интернационални инструменти МОХО**<br>Јануари 2025 | -Преглед на содржината на прирачникот и обрасците во него | Консултантот е запознаен со МОХО стандардизирани инструменти за проценка на работна способност | |
| 1. | **Превод на прирачник и обрасци-МОХО**<br>Јануари - Февруари 2025 | -Превод на Прирачникот МОХО на македонски јазик<br>-Превод на 14 обрасци/формулари за проценка<br>Преведените материјали треба да бидат консултирани со Ресурсното Лице и ЗЕЛС Координатор до 30ти Ноември. | • МОХО Прирачник преведен на македонски јазик<br>• МОХО обрасци за проценка на работна способност преведени на македонски јазик | 3 |
| 2. | **Подготовка на Едукативна Програма (Теоретска и Практична)**<br>Јануари – Февруари 2025 | -Едукативна Програма 2 дела:<br>Дел 1: Теоретски дел во кој се обработени: Инструменти за проценка на општа работна способност и Инструменти за проценка на конкретна работна способност.<br>Односно опфатена е содржина од а) драфт националната Методологија за проценка на попреченост- дел за проценка на општа работна | • Едукативна Програма со теоретски и практичен дел е развиена<br>• Детален дизајн развиен и одобрен од ЗЕЛС (согласно развиен образец)<br>Агенда развиена<br>• План за спроведување на менторска поддршка развиен/драфт | 2 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | способност; б) МОХО стандардизирани интернационални методи на проценка на конкретна работна способност. Двата инструмента треба да бидат препратени со упатство за нивно користење.<br>Практичен дел- Во програмата е развиен план за спроведување на менторска поддршка на стручните лица кај 2та даватели на услуги.<br><br>Едукативната програма и план за менторска поддршка треба да биде развиен во координација со Ресурсното лице и ЗЕЛС координатор најдоцна до 31ви декември 2024. | • Образец за известување од едукација развиен | |
| 3. | **Едно-дневна едукација спроведена**<br><br>Февруари 2025 | Еднодневна едукација за стручни лица од 2та даватели на услуги во просториите на еден од двата даватели на услуги (ДСД), во која краток вовед за новитетите од страна на МТСП во однос на спроведување проценка на лица со попреченост, детално запознавање со предлог инструменти во методологијата и со нејзе поврзани инструменти за мерење на работна способност (општа и конкретна). Инструментите за општа работна способност треба да ја следат методологијата додека инструментите за конкретна работна способност треба да го следат и претстават МОХО Упатството и 14те обрасци. | • Агенда за обука<br>• Едукација е спроведена и изготвен извештај од истата<br>• План за менторска поддршка ревидиран согласно динамика на обука/финализиран.<br>• Образец за известување за обезбедена менторска поддршка развиен | 2 |
| 4. | **Спроведување на практична работа- проценка на работна способност со менторска поддршка**<br><br>Февруари-Март 2025 | - Обезбедување на менторска поддршка на даватели на услуги: Порака Наша Куманово и Бравура Делчево.<br>Стручните лица во 2та даватели на услуги треба да спроведат проценка на работна способност на 12 лица со попреченост (вкупно 24 лица) преку примена на 14те обрасци за конкретна работна способност и 1 образец за проценка на општа работна способност.<br>Истото треба да биде менторирано од страна на консултантот со цел да се осигура соодветно спроведување на истите.<br>Менторската поддршка треба да биде најмалку со 70% физичко присуство .<br>Менторската поддршка е развиена и спроведена во директна консултација со 2та даватели на услуги, Ресурсно Лице, ЗЕЛС Проектен Координатор. | • План за менторска поддршка финализиран<br>• Менторска поддршка за проценка на работната способност обезбедена за 12 лица со попреченост по давател<br>• Извештаи од менторска поддршка подготвени | 8 |
| | | | **Вкупен број на работни денови** | **15** |

Сите горенаведени активности и со нив поврзани резултати/производи треба да се спроведат во период помеѓу Јануари – Март 2025.

## V. Број на Експертски денови

Согласно горе-наведените работни задачи и одговорности, максималниот број на работни денови за овој **ангажман е 15.**

## VI. Профил на надворешниот консултант

**VI.1 Општи барања:**

- Универзитетска диплома (диплома по завршување на четиригодишно студирање во универзитет или еквивалентна институција) **во општествени науки (***социјална работа и политика, специјална едукација и рехабилитација, психологија***)**, политички науки, човекови права или други сродни науки.
- Висококвалитетни аналитички вештини и вештини за изработка на документи, докажани преку објавени публикации, анализа, извештаи.
- Способност за систематско, методолошко и прецизно работење.
- Добри комуникациски вештини, тимска работа и вештини за претставување.
- Напредни компјутерски вештини; познавање на MS Word, Excel, PowerPoint.
- Добро познавање на англиски јазик (ниво Б2).

**VI.2. Специфични барања:**

- Најмалку 5 години релевантно професионално искуство во развој и/или спроведување на активности поврзани со проценка на лица со попреченост. Ќе биде предност доколку консултантот има искуство во развој, воведување и спроведување на МКФ-Деца и Млади во РСМ, закон за системот за проценка на попреченост и/или пак запознаен/на со процесот на развој на унифицирана методологија за проценка на лица со попреченост во РСМ.
- Докажано искуство во спроведување на проценки и развој на индивидуални планови за работа со лица со попреченост
- Докажано искуство во подготовка и спроведување на едукација преку системот на неформално образование во областа на работа со лица со попреченост, социјална инклузија, МКФ и систем за проценка на лица со попреченост и слични тематики.
- Добро разбирање на системот за проценка на лица со попреченост во РСМ.
- Искуство и експертиза во партиципативен развој на инструменти, програми и методологии за работа со лица со попреченост

## VII. Процедура за аплицирање

Заинтересираните кандидати (индивидуалци) за оваа позиција, треба да поднесат апликација најдоцна до 17.01.2025 16.00 часот. Истата треба да се достави на следните адреси shehi@nalas.eu **and** irena.nikolov@zels.org.mk **со наслов: Надворешен Консултант за Воведување Иновативни рехабилитациски услуги-Проценка на работна способност.**

**Заинтересираните кандидати треба да достават:**

1. **Кратка Биографија-пдф формат**
2. **Писмо за интерес-пдф формат**

3. **Финансиска Понуда**- во која треба да се наведе бруто сума по експертски ден во ЕУР како и вкупната сума согласно вкупниот број на денови во ЕУР. Бруто сумата вклучува и персонален данок на доход.

   **Потенцијалните трошоци за патување и сместување на консултантот треба да бидат покриени од консултантот**.

## Листа на Анекси

Анекс 1: Концепт за воведување на иновативни рехабилитациски услуги-Делчево

Анекс 2: Концепт за воведување на иновативни рехабилитациски услуги-Куманово